Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-1815/2 21.07.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Дарко Димовски, ул. Ѓоре Ѓорески бр. 36 А, Скопје, телефон 070 441 532, поднесено на 15.07.2026 година по електронски пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Дарко Димовски, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на Дарко Димовски е доставено Барање во електронска форма. Со Барањето се побарани следните информации:

-„ Дали согласно Законот за локалната самоуправа, член 43, став 4 избраниот советник во советот на општината е цел ден ослободен од работни обврски од страна на работодавецот на денот кога е закажана и кога се одржува седницата на советот".

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

-Законот за локалната самоуправа член 43 (права и должности на членовите на советот) во став 1 го гарантира правото, но ја потенцира и

должноста на членовите на советот да присуствуваат и да учествуваат во работата на советот и на неговите постојани или повремени комисии.

Во став 4 го дорегулира правото на присусtво, со тоа што го задолжува работодавецот да го ослободи членот на советот од професионалната работа заради присуство на седниците на советот или на комисиите во кои е член.

Законот не навлегува во времетраењето, во смисла дали членот на советот се ослободува од работа целиот работен ден, но е недвосмислен дека работодавецот, членот на совет треба да го ослободи од професионалните обврски на начин кој што ќе му овозможи непречено да присуствува и да учествува во работата на советот и на комисиите во кои е член, во текот на целото нивно траење.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Заменик **министер**
**Ерџан Селими**

-----------------------------------

Службено лице:
М-р Ели Чакар